РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 13-1523/4
20 03 2013 год.
СКОПЈЕ

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë-Тетово-Tetovo

| Pranuar Примено Received | 26.03.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Nj. org. Орг. Един. Org. unit | Numër Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlëra Вредност Value |
| 03 | 203/2 | / | / |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12 и 15/13), министерот за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

## за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии на единиците во состав на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии по Економија и Бизнис администрација на Факултетот за бизнис и економија, Јавна управа и администрација и Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки, Кривично право, Граѓанско право и Меѓународно право на Правниот факултет, Е-технологија и Менаџмент на животната средина на Факултетот за современи науки и технологии, Јазик, литература и култура, модули: албански јазик и литература, англиски јазик и литература и германски јазик и литература на Факултетот за јазици, култури и комуникации при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

По добиените, од страна на Одборот за акредитација и евалуација, Решение бр.14-197/2-2 од 01.10.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Економија и Решение бр.14-197/2-3 од 01.10.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Бизнис администрација на Факултетот за бизнис и економија, Решение бр.14-197/3-2 од 25.07.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Јавна управа и администрација и Решение бр.14-197/3-3 од 25.07.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки, Решение бр.14-189/1-2 од 25.07.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Кривично право, Решение бр.14-189/1-1 од 25.07.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Граѓанско право и Решение бр.14-189/1-3 од 25.07.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Меѓународно право на Правниот факултет, Решение бр.15-197/4 од 17.12.2012 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Е-технологија и Решение бр.14-337/4 од 12.03.2013 година за акредитација на студиска програма за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии по Менаџмент на животната средина на Факултетот за современи науки и технологии, Решение бр.14-197/5-1 од 10.08.2012 година за акредитација на Елаборат за организирање на трет циклус докторски студии по Јазик, литература и култура, модули: албански јазик и литература, англиски јазик и литература и германски јазик и литература на Факултетот за јазици, култури и комуникации, Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, се обрати со барање бр. 03-203/1 од 13.02.2013 година, до Министерството за образование и

Министерот за образование и наука, со Решение бр. 13-1523/2 од 22.02.2013 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 13.03.2013 година, изврши увид и изготви извештај 13-1523/3 од 15.03.2013 година, каде е наведено дека за студиските програми од трет циклус на тригодишни докторски студии по Економија и Бизнис администрација на Факултетот за бизнис и економија, Јавна управа и администрација и Политички науки на Факултетот за јавна администрација и политички науки, Кривично право, Граѓанско право и Меѓународно право на Правниот факултет, Е-технологија и Менаџмент на животната средина на Факултетот за современи науки и технологии, Јазик, литература и култура, модули: албански јазик и литература, англиски јазик и литература и германски јазик и литература на Факултетот за јазици, култури и комуникации при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово се исполнети условите за почеток со работа, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08/, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12 и 15/13) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против ова решение може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**м-р Панче Кралев**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

Доставено до:
- Примач
- Архива

изготвил: Билјана Ивковска
прегледал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити